ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **03.12.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Градоначалник

Дадени се насоки за подготовка на Седницата на Советот на Општина Крива Паланка, закажана за ден 06.12.2018 година.

Дадена е информација за закажан состанок со раководителите на установи и институции под надлежност на Општина Крива Паланка на ден 03.12.2018 година во 14:00 часот.

Побарана е информација за доставени извештаи од страна на НВО – корисници на доделени финансиски грантови од буџетот на Општина Крива Паланка.

Дадено е задолжение за распишување на јавна набавка за набавка на услуги за новогодишно украсување на централното градско подрачје.

Дадено е задолжение за прецизирање на проекти кои ќе бидат аплицирани преку Центарот за развој на СИПР, со акцент на реконструкција и изградба на патни правци, со краен рок за исплнување на ова задолжение до 05.12.2018 година.

Дадено е задолжение за подготовка на прецизна анализа на фактичката состојба во врска со парцелата во централното градско подрачје во непосредна близина на ООУ Јоаким Крчовски, предвидена за изградба на трговски центар и изнаоѓање на начини за нејзино отуѓување на заинтересирани странк, како и студија за јавно приватно партнерство за градскиот базен во Крива Паланка, со напомена податоците по овие задолженија да бидат подготвени и разгледани како такви на нареден стручен колегиум.

Дадени се насоки за продолжување со проектите за алтернативен пат во с.Дурачка Река и пристап и уредување на локалитетот Станечки Водопади, кои би биле аплицирани преку Бирото за регионален развој.

Насоки за проектот за гасификација.

Дадено е задолжение до ЈП Комуналец за сервисирање на корпите за отпадоци на канделабрите долж главната градска улица и собирање и складирање на цвеќето од жардинерите на самите столбови за уличнно осветлување.

Дадена е насока за изнаоѓање на начини за продолжув ање и довршување на постапката за легализација на објектот во СОУ Ѓорче Петров (во непосредна близина на спортската сала на училиштето).

Дадени се насоки за реализација на планираната посета на Дневниот центар за деца со посебни потреби, а по повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби на 03.12.2018 година во 11:00 часот, со пригоден подарок од Општината, а во согласност со потребите на самата установа.

---

**<u>Секретар</u>**

Тековни информации во врска со функционирањето на општинската администрација и определени тековни постапки со кратко резиме за истите.

Дадена е информација во врска со планираните нови вработување во Општинската администрација и конкретните чекори за реазлизација на истите.

Дадени се информации во врска со спроведените работилници на тема Пристап до ЕУ фондовите, организирана и реализаирана од страна на Делегацијата на ЕУ во Македонија и програмирање и буџетско планирање, организаирана и спроведена од страна на УСАИД, Finance Think и Здружение на граѓани ЕГРИ.

Дадена е информација во врска со постапката пред Влада на РМ за пренос на правото на сопственост на објектот во кој се лоцирани просториите на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка и резиме за текот и исходот од истата.

Дадена е информација во врска со изготвени Правилници за оценување и унапредување на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со издадено укажување до сите вработени за почитување на работното време, паузите и одморите, со акцент на идно санкционирање на сите кои ќе го нарушат законски утврденото работно време.

---

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Информација во врска со подготовката на потребната документација за исплата по спогодби на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со подготвеа евиденција за побарувањата по основ на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, со насоки за подготовка на листа и укажување за плаќање.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Информација во врска со подготовката на сообраќаен проект и предвидување на зонско паркирање со утврдување на точни локации за паркинг.

Задолжение за поставување на сообраќаен знак на крстосницата на улица Херој Карпош и Магистралниот пат (кај место викано Карчова куќа).

Задолжение за изместување на сообраќајната сигнализација од лева страна, кај колективната станбена зграда во непосредна близина на населба Единство.

Задолжение за поткастрување на гранки и цвеќе над коловозните и тротоарските површини долж главната градска улица, а со цел подобрување на видливоста над сообраќајните знаци.

Информација во врска со отстранети хаварисани возила на паркингот во непосредна близина на СОУ Ѓорче Петров, а по претходна реакција од граѓани.

Задолжение за отпочнување со активности за нумерирање на приоритетни улици со поставување на куќни броеви (со назнака за отпочнување со овие активности уште денес).

Предлог за состанување на Комисијата за урбанизам со цел давање на свои размислувања, а во врска со урбан блок 4А за кој што во тек е постапка за изготвување на ДУП од страна на ПРОСТОР – Куманово.

Информација во врска со заглавени процедури за инфраструктурни проекти во системот на Е – урбанизам.

Дадени се итни задолженија за сублимирање на коментари за проектот за зелениот пазар, за ажурирање на постапката за легализација на бесправно изградениот објект во непосредна близина на спортската сала во СОУ Ѓорче Петров и разгледување на идејно решение за форирање на Јавно приватно партнерство за стопанисување со градскиот базен.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова Одделение.

---

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање на улици и делови од улици, динамиката и ефектот на реализација на самите активности, со задолжение сите договорени работи да бидат завршени во зацртаниот временски рок.

Информација во врска со стопирани активности за асфалтирање на патниот правец до школото во с.Трново и патниот правец до селските гробишта во с.Конопница со кратко резиме за причините.

Информација во врска со активностите за изградба на водовод во с.Луке.

Информација во врска со отпочнување со градежните активности за регулација на Скрљавски Дол, предвидено на ден 04.12.2018 година.

Информација во врска со одржана обука за Е-катастар на ден 27.11.2018 година во Скопје, на која присуствуваа лица вработени во општинската администрација, со кратко резиме за ефектот од истата.

Задолжение за изготвување на проектно фише за проектот за водомерите, кое да биде изготвено на англиски јазик најдоцна до крајот на работната недела.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со текот на постапката пред Влада на РМ за пренос на правото на сопственост на објектот во кој се лоцирани просториите на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка и резиме за текот и исходот од истата.

Информација во врска со изготвен правилник за селекција за унапредување на вработените во ТППЕ и правилник за нивно оценување.

Информација во врска со текот на постапката по објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка, со акцент на претстојната фаза на полагање испит за административен службеник на кандидатите предвиден за ден 10.12.2018 година.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со изготвени годишни програми за 2019 година од делокругот на работа на ова Одделение, кои треба да бидат усвоени на Седницата на Советот на Општина Крива Паланка на ден 06.12.2018 година.

Информација во врска со подготовка на проектни апликации преку Биро за регионален развој.

Информација во врска со активностите за воведување на ГИС, со задолжение за прибирање и обработка на сите потребни податоци од релевантни фактори за успешно креирање на базата на податоци на ГИС.

Истакната е потребата од интензивирање на работата на техничка документација за нови проекти, кои во иднина ќе бидат аплицирани преку различни фондови и програми, со задолжение за подготовка на листа на проекти со изготвена техничка документација на основа на која ќе се направи приоритизација на проекти за реализација.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со подготовка на претстојната Седница на Советот на Општина Крива Паланка, закажана за ден 06.12.2018 година.

Информација во врска со распишани тековни и веќе завршени постапки за јавни набавки.

Информација во врска со динамиката на доставата на одбивни решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и резиме за досега доставен број на такви одбивателни решенија.

Информација во врска со постапката за утврдување на пазарната вредност на објекти во сопственост на општината и објава на јавен оглас за нивно давање под закуп на деловни субјекти или физички лица.

Информација во врска со потпишан договор за закуп за деловен простор во сопственост на општина Крива Паланка лоциран во с.Огут.

Инфорамција за распишана јавна набавка за Новогодишно украсување на Градот.

Информација во врска со динамиката на реализацијата на тековната достава и доставата на решенија за даноци на имот.

Информација во врска со подготвени и испратена документација до МЖСПП за изградбата на водовод во с.Луке.

Информација во врска со испратен допис до Државен совет за детско престапништво со податоци за персоналниот состав на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво и контакт лице.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени тековни увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, постапувајќи по поднесени барања од граѓаните.

Информација за интервенцијата и активностите на инспекциските служби во врска со задолжителното чистење на оџаците во колективните станбени згради.

Информација во врска со активностите за чистење на пропусти под магистралниот пат и други работни задачи и задолженија, кои што ги реализираат ангажираните општи работници, со акцент на изградбата на калдрма во м.в.Спротивска маала.

Информација во врска со спроведена контрола од страна на комуналните редари за отстранување на хаварисани возила од коловозни површини и олеснување на пристапот при тековното зимско одржување на истите.

Информација во врска со интервенција на градежен инспектор за контрола на површини за поставување на урбана опрема во Угостителските објекти.

Информација во врска со спроведени контроли од страна на овластен комунален инспектор.

Информација во врска со исечени дрвја и гранки во околината на СОУ Ѓорче Петров.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со оспособено и сервисирано возило за транспорт на отпад.

Задолжение за прибирање и достава на податоци за ГИС.

Задолжение за лоцирање на критични точки и поставување на еластична ограда (банкина) на патниот правец кон локалитетот Калин Камен.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

---

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со подготовката на проектни апликации.

Информација во врска со тековни проблеми со кои се соочува околниот простот околу ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Задолжение за подготовка на допис за прогласување на „Паланечка тројка“ за нематеријално културно наследство, кој да биде проследен до Управата за заштита на културното наследство.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**03.12.2018 година, Крива Паланка**